Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 6 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 февруари 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваам-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарствои водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски,м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација ид-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство и доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал

2. Предлог-одлука за максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал-еврообврзници на Република Северна Македонија

3. Информацијаза потребата од обезбедување на итна помош по повод катастрофалниот земјотрес кој ја погоди Република Туркије на 6 февруари 2023 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог-одлука за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Туркије

6. Предлог-одлука за испраќање на тим за заштита и спасување од Министерството за одбрана во Република Туркије

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија да ја преземе функцијата на агент за процесни услуги во име на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија по добивање на Писмото за назначување на процесен агент, потпишано од министерот за финансии, да ја потпише Потврдата со која ја презема функцијата на процесен агент.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал-еврообврзници на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата по Информацијата за потребата од обезбедување на итна помош по повод катастрофалниот земјотрес кој ја погоди Република Туркије на 6 февруари 2023 година ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, во износ од 6 милиони денари како помош за настраданите во катастрофалниот земјотрес кој ја погоди Република Туркије на 6 февруари 2023 година, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Ја донесе Одлуката за испраќање на републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Туркије (од Дирекцијата за заштита и спасување, точка 4, Прашања и предлози, од оваа седница на Владата).

3. Ги донесе Одлуката за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Туркије и Одлуката за испраќање на тим за заштита и спасување од Министерството за одбрана во Република Туркије (од Министерството за одбрана, точка 6 и точка 7, од оваа седница на Владата).

4. Се задолжува Министерството за здравство во рамките на своите надлежности итно да подготви и до Владата да достави Одлука за обезбедување хуманитарна помош (во вид на медицински персонал, медицинска опрема и лекови), која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

5. Се препорачува Црвениот крст на Република Северна Македонија во рамките на своите законски надлежности и можности, во соработка со надлежните институции, да се вклучи во акцијата за обезбедување помош на настраданите со испраќање на тимови и друг вид на хуманитарна помош соодветна за вакви природни катастрофи.
6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи, да преземе активности во насока на итно префрлање на одобрените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, како и да одржува редовна комуникација со Амбасадата на Република Туркије во Република Северна Македонија, со цел спроведување на Одлуката од точка 1, од овие заклучоци.

7.nСе задолжува Министерството за надворешни работи, преку дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Република Туркије (Анкара и Истанбул) да ги координира активностите за евакуација на државјаните на Република Северна Македонија од подрачјата погодени со земјотресот.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за испраќање на републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Туркије.

**2.** Владата по Барањето за хуманитарна помош од Република Туркије, а по повод настанатата природна катастрофа (земјотрес од поголеми размери), под архивски бр. 09-335/1 од 6 февруари 2023 година, доставено од Центарот за управување со кризи го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги координира сите активности на државните институции по однос на доставувањето на потребната хуманитарна помош за Република Туркије.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Туркије (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на тим за заштита и спасување од Министерството за одбрана во Република Туркије (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:25часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменикнапретседателотна Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**